Врз основа на член 385 и член 387 од Законот за трговските друштва, и член 23 од Статутот на ИНТЕПРОМЕТ АД Тетово, а согласно Одлуката за свикување на вонредно собрание на акционери Бр. 0202-154/1 од 15.05.2023 година, Управниот одбор на друштвото, УПАТУВА

# П О В И К
## ДО СИТЕ АКЦИОНЕРИ НА ИНТЕРПРОМЕТ АД ТЕТОВО
## ЗА УЧЕСТВО НА ВОНРЕДНО СОБРАНИЕ

СЕ ИЗВЕСТУВААТ сите акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, дека вонредното собрание на акционери ќе се одржи на ден 16.06.2023 година (петок), со почеток во 10:00 часот во просториите на друштвото, ул. Илинденска бр.18-А, со предлог на следниот

## ДНЕВЕН РЕД

1. Избор на претседавач, записничар и двајца заверувачи на записникот и бројач на гласови.
2. Донесување на одлука за одобрување на голема зделка - отуѓување на недвижен имот.

Право на учество на собрание имаат сите акционери запишани во акционерската книга на друштвото, лично или нивни застапници кои ќе приложат уредно полномошно.

Пријава за учество во собранието акционерот или неговиот застапник е должен да достави до друштвото најдоцна пред почетокот на седница на собранието.

Секој акционер може да овласти полномошник со писмено полномошно за учеството на Собранието, за што е должен да го извести Друштвото по писмен пат и електронски. Податоците за начинот на испраќање на известувањата за полномоштвата и образците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната страница на Друштвото.

Акционерот може да користи и други видови обрасци за давање полномошно во писмена форма.

Согласно Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка, како и по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја точка кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред.

Акционерите можат да доставаат предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред, предлози на одлуките и прашања најдоцна во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик.

Собранието одлучува само за прашањата уредно ставени на дневен ред.

Акционерите може да направат увид во материалите по прашањата од дневниот ред на собранието почнувајќи од 12.06.2023 год. до 15.06.2023 година, во времето од 12:00 до 15:00 часот, во деловните простории на друштвото на ул. Илинденска бр. 18-А Тетово и на веб-страницата на друштвото.

Официјалната интернет страница на друштвото е www.interpromet.mk

УПРАВЕН ОДБОР НА
ИНТЕРПРОМЕТ АД ТЕТОВО

интерпромет а.д. ТЕТОВО 1